РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 03.04.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 2531/1 | 0 | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за образование на возрасните, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Ивана Василевска
[illegible]
[illegible]
Катерина Димитровска
Дијана Илиевска

ПРЕДЛАГАЧ: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ,

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, април 2026 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во Законот за образование на возрасните во членот 22 е уредено дека трошоците за верификација на посебната програмата на установата или институцијата за образование на возрасните паѓаат на товар на подносителот на барањето. Исто така, во членот 34 е уредено дека трошоците за проверката на исполнетоста на условите за акредитација на избраниот понудувач на услуги за валидација, паѓаат на товар на избраниот понудувач на услуги за валидација.

Со оглед дека државно средно училиште регионален центар за стручно образование и обука, согласно со Законот за стручно образование и обука, врши и образование за возрасни и валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење.

Со Предлогот на закон се врши усогласување со Законот за стручно образование и обука.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целите и начелата на овој закон се согласно целите и начелата во Законот за образование на возрасните.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог на закон не предизвикува финансиски последици врз Буџетот на Република Северна Македонија и другите јавни финансиски средства.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на закон не предвидува дополнителни фискални импликации по Буџетот на Република Северна Македонија

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

Член 1

Во Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Северна Македонија” број 3/25), во член 9 во ставот (10) зборовите: „февруари во тековната година, за претходната година“ се заменуваат со зборовите: „јануари во тековната година“.

Член 2

Во членот 22 по ставот (16) се додава нов став (17), кој гласи:

„(17) Државно средно училиште регионален центар за стручно образование и обука плаќа до најмногу половина од средствата на трошоците од ставот (16) на овој член, за што одлука донесува управниот одбор на Центарот.“.

Ставот (17) кој станува став (18) се менува и гласи:

„(18) На одлуките од ставовите (16) и (17) на овој член, согласност дава министерот.“.

Ставот (19) станува став (20).

Во ставот (20) кој станува став (21) зборовите: „став (19)“ се заменуваат со зборовите: „став (20)“.

Ставовите (21) и (22) стануваат ставови (22) и (23).

Член 3

Насловот пред членот 33 се менува и гласи: „Акредитирани установи за валидација“.

Во членот 33 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Валидација може да вршат само акредитирани установи (во натамошниот текст: понудувачите на услуги за валидација), и тоа:

- акредитирани јавни установи за основно образование, за стекнување со ниво I од МРК (основно образование) и
- акредитирани установи и акредитирани комори, за стекнување со стручна квалификација до ниво VБ од МРК.“.

Член 4

Во член 34 по ставот (14) се додава нов став (15), кој гласи:

„(15) Државно средно училиште регионален центар за стручно образование и обука плаќа најмногу до половина од средствата на трошоците од ставот (14) на овој член, за што одлука донесува управниот одбор на Центарот.“.

Ставот (15) кој станува став (16) се менува и гласи:

„(16) На одлуките од ставовите (14) и (15) на овој член, согласност дава министерот.“.

Во ставот (17) кој станува став (18) зборовите: „став (16)“ се заменуваат со зборовите: „став (17)“.

Ставот (18) станува став (19).

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Со членот 1 во член 9 во ставот (10) зборовите „февруари во тековната година, за претходната година „се заменуваат со зборовите „јануари во тековната година“.

Со членот 2 во членот 22 се додава нов став (17), кој уредува дека државно средно училиште регионален центар за стручно образование и обука плаќа половина од трошоците за верификација на посебната програмата на установата или институцијата за образование на возрасните.

Со членот 3 во членот 33 ставот (1) се менува и со истиот се регулира која установа може да врши валидација и тоа: акредитирани јавни установи за основно образование за стекнување со ниво I од МРК (основно образование); и акредитирани установи и акредитирани комори за стекнување со стручна квалификација до ниво VБ од МРК.

Со членот 4 во член 34 по ставот (14) се додава нов став (15), кој уредува дека државно средно училиште регионален центар за стручно образование и обука плаќа половина од трошоците за проверката на исполнетоста на условите за акредитација на избраниот понудувач на услуги за валидација.

Со членот 5 се уредува влегувањето во сила на овој закон.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и претставуваат една правна целина.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со овој закон се врши усогласување со Законот за стручно образование и обука.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ

Член 9

(1) Владата формира Совет за образование на возрасните (во натамошниот текст: Советот), како советодавно тело кое предлага стратешки прашања кои се однесуваат на политиката на развој на образованието на возрасните.

(2) Советот е составен од 13 члена именувани од Владата, и тоа: два члена од редот на експертите за образование на возрасните назначени од Владата, и по еден член од: Министерството, Бирото, Центарот за развој на стручно образование, Министерството за финансии, репрезентативниот синдикат во образованието, Заедницата на единиците на локалната самоуправа, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија, стопанската комора која ги исполнуваат услови од член 63 алинеите 3, 4, 5, 6, 7, 9, 10 и 11 од Законот за стручно образование и обука, репрезентативната организација на работодавачи и Занаетчиска комора на Република Северна Македонија.

(3) За член на Советот може да биде именувано лице кое ги исполнува следните услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да има високо образование, ниво VIA од МРК, со најмалку стекнати 240 ЕКТС или завршен VII1 степен на образование и
- да има најмалку пет години работен стаж во образование. Доколку нема вработено лице кое има најмалку пет години работен стаж во образование може да биде избрано лице кое има најмалку пет години работен стаж на раководна позиција во институциите од ставот (2) на овој член од која доаѓа.

(4) При именувањето на членовите на Советот се применува начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во Република Северна Македонија, имајќи ги предвид јазиците на кои се изведува наставата во средното стручно образование, без да се нарушат условите утврдени со овој закон.

(5) Во работата на Советот учествува и директорот на Центарот, без право на глас во одлучувањето.

(6) Советот избира претседател од редот на своите членови.

(7) Мандатот на претседателот и на членовите на Советот трае четири години, со можност за уште еден последователен избор.

(8) Советот донесува деловник за својата работа.

(9) Претседателот и членовите на Советот имаат право на месечен надоместок за работењето во Советот во висина од 20% од просечната нето-плата исплатена во претходната година во Република Северна Македонија, доколку во месецот се одржи седница на Советот. За техничкиот секретар надоместок е во висина од 5% од просечната нето-плата исплатена во претходната година во Република Северна Македонија, доколку во месецот се одржи седница на Советот.

(10) Советот изготвува и донесува годишна програма за работа и ја доставува до Владата и до Министерството за информирање, до крајот на месец февруари во тековната година, за претходната година.

(11) Советот изготвува годишен извештај за работењето и го доставува до Владата и до Министерството за усвојување, до крајот на месец февруари во тековната година, за претходната година.

(12) Годишната програма од ставот (10) на овој член и годишниот извештај за работењето од ставот (11) на овој член, се објавуваат на интернет страницата на Центарот.

(13) Стручно-административните работи за Советот ги врши технички секретар на Советот, кој го определува директорот на Центарот, од редот на вработените административни службеници во Центарот.

Член 22

(1) Понудувачот на услуга за образование на возрасните кој сака да реализира посебна програма, до Центарот доставува барање за верификација на посебната програма со потребната документација.

(2) Барањето од став (1) на овој член и потребната документација може да бидат поднесени и во електронска форма, со употреба на средства за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3) Верификацијата на посебните програми ја врши Центарот по претходно доставен предлог од Комисијата за верификација на посебни програми (во натамошниот текст: Комисијата за верификација), што ја формира директорот на Центарот.

(4) Комисијата за верификација е составена од три члена, и тоа, еден член од Центарот и два члена стручни лица од областа на поднесената посебна програма за верификација. Претседателот на Комисијата за верификација е членот од Центарот.

(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, доколку поднесената посебна програма е од различни сектори на квалификации на МРК и има потреба од повеќе стручни лица, Комисијата за верификација може да има и повеќе членови стручни лица од областа на поднесената посебна програма за верификација.

(6) Стручните лица, членови на Комисијата за верификација, треба да ги исполнуваат следниве услови:

- да имаат најмалку високо образование од областа на поднесената посебна програма за верификација и
- да имаат најмалку пет години работно искуство во настава во областа на поднесената посебна програма за верификација или најмалку десет години работно искуство во областа на поднесената посебна програма за верификација.

(7) Центарот објавува јавен оглас за избор на стручни лица за членови на Комисија за верификација, кој трае во текот на целата година и го објавува на својата интернет страница за да формира база од стручни лица од пријавените стручни лица.

(8) Изборот на стручни лица кои се внесуваат во базата од став (7) на овој член, ја врши трочлена комисија, од редот на вработените во Центарот, формирана од директорот на Центарот.

(9) Базата од став (7) на овој член, тековно ја ажурира Центарот со нови стручни лица.

(10) По поднесено барање за верификација на посебната програма, директорот на Центарот редоследно избира стручни лица од базата од став (7) на овој член, според поднесената посебна програма за верификација, за што донесува одлука за избор.

(11) Центарот е должен да донесе решение за верификација на посебната програмата, во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член. Решението за верификација на посебната програма е со важност од пет години.

(12) Решението од став (11) на овој член, може да се издаде и во форма на електронски документ, кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(13) Против решението од став (11) на овој член, може да се поднесе жалба, во рок од 15 дена од приемот на решението, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

(14) Жалбата од став (13) на овој член, може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(15) Трошоците за верификација на посебната програмата на установата или институцијата за образование на возрасните паѓаат на товар на подносителот на барањето од став (1) на овој член.

(16) За висината на средствата за трошоците од став (15) на овој член, управниот одбор на Центарот донесува одлука, врз основа на бројот на посебните програми кои се верификуваат.

(17) На одлуката од став (16) на овој член, согласност дава министерот.

(18) За верификуваните посебни програми, Центарот објавува каталог на својата интернет страница и на интернет страницата на Министерството.

(19) На членовите на Комисијата за верификација им следи надоместок за работата, за чија висина управниот одбор на Центарот донесува одлука, врз основа на бројот на дадени предлози за посебните програми кои се верификуваат.

(20) На одлуката од став (19) на овој член, согласност дава министерот.

(21) Комисијата за верификација работи согласно деловник, донесен од страна на директорот на Центарот.

(22) Начинот на верификација на посебната програма, како и формата и содржината на образецот на барањето за верификација на посебната програма и потребната документација, на предлог на Центарот, ги пропишува министерот.

Член 33

(1) Валидација може да вршат само акредитирани јавни установи за основно и средно образование (во натамошниот текст: понудувачите на услуги за валидација).

(2) Понудувачите на услуги за валидација имаат право да:

- го организираат процесот на валидација на неформалното образование и искуственото (информалното) учење согласно овој закон и
- иницираат ревидирање/прилагодување на стандарди на занимање и стандарди на квалификации до надлежните институции.

(3) Понудувачите на услуги за валидација имаат обврска да:

- го спроведуваат процесот на валидација,
- обезбедат работни услови во рамки на процесот на валидација согласно Законот за безбедност и здравје при работа,
- ги исполнуваат обврските од договорот со учесниците,
- даваат информации, насоки и поддршка на учесниците пред, за време на и по завршување на процесот на валидација,
- обезбедат процес на проверка на знаењата, вештините и компетенциите на учесникот,
- ги прибираат и обработуваат личните податоци за учесниците согласно прописите од областа на заштита на личните податоци и
- ги доставуваат податоците за бројот на учесници, ангажираниот кадар и други податоци кои се од важност за следење и развој на процесот на валидација до Центарот, до крајот на февруари наредната година за претходната година, кој збирно секоја година ги доставува до Министерството и Државниот завод за статистика.

Член 34

(1) Акредитација на понудувачите на услуги за валидација врши Центарот, по претходно објавен јавен повик, кој трае десет дена од денот на објавувањето.

(2) Јавниот повик од став (1) на овој член, се објавува на интернет страниците на Министерството и на Центарот.

(3) Понудувачот на услуги за валидација може да го спроведува процесот на валидација доколку има простор, опрема и кадар соодветен за спроведување на процесот на валидација за конкретната квалификација, за што поднесува барање за акредитација на понудувачи на услуги за валидација до Центарот.

(4) Барањето од став (3) на овој член, со потребната документација, можат да бидат поднесени и во електронска форма, со употреба на средства за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(5) Нормативите и стандардите за простор, опрема и кадар од ставот (3) на овој член, ги утврдува министерот, на предлог на Центарот, Центарот за развој на стручно образование и Бирото.

(6) Понудувачот на услуги за валидација треба да ги исполни следните услови за акредитација:

- да има регистрирана дејност,
- да има елаборат на установата,
- да има простор и опрема,
- да има вработено/ангажирано лице од редот на лицата запишани во Каталогот за сертифицирани советници за валидација и
- да има вработено/ангажирано лице од редот на лицата запишани во Каталогот за сертифицирани проценувачи за валидација, за соодветна квалификација.

(7) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (3) на овој член, го утврдува министерот, на предлог на Центарот.

(8) Проверка на доставената документација за исполнетоста на условите од став (6) на овој член и избор на понудувачите на услуги за валидација кои се јавиле на јавниот повик од став (1) на овој член, врши комисија формирана од директорот на Центарот, составена од по еден член од Министерството, Центарот, Бирото, односно Центарот за развој на стручно образование.

(9) Центарот, во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за акредитација на понудувачот на услуги за валидација, донесува решение со кое одлучува по барањето за акредитација на понудувачот на услуги за валидација.

(10) Решението од став (9) на овој член, може да се издаде и во форма на електронски документ, кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(11) Против решението од став (9) на овој член, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

(12) Жалбата од став (11) на овој член, може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(13) Трошоците за проверката на исполнетоста на условите за акредитација на избраниот понудувач на услуги за валидација, паѓаат на товар на избраниот понудувач на услуги за валидација.

(14) Висината на трошоците од став (13) на овој член, со одлука ја утврдува управниот одбор на Центарот, врз основа на направените трошоци и бројот на стручни квалификации за кој се врши акредитација.

(15) На одлуката за утврдување на висината на трошоците од став (14) на овој член, согласност дава министерот.

(16) На членовите на комисијата од ставот (8) на овој член, им следи надоместок за учеството во комисијата. Висината на надоместокот со одлука ја утврдува управниот одбор на Центарот, врз основа на бројот на квалификации за кој се врши проверка.

(17) На одлуката за утврдување на висината на надоместокот од став (16) на овој член, согласност дава министерот.

(18) Начинот на акредитација на понудувачот на услуги за валидација, како и формата и содржината на образецот на барањето од ставот (3) на овој член и потребната документација, на предлог на Центарот, ги пропишува министерот.